ЈАВНА УСТАНОВА НАЦИОНАЛЕН ПАРК
ГАЛИЧИЦА
Бр. 02-238/1
27.04. 2020 год
О Х Р И Д

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина Сл. Весник на РСМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), Директорот на Јавната установа Национален парк Галичица на ден 27.04.2020 година, донесе:

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ „План за управување со Национален Парк Галичица за период 2021-2030 година", кој го донесува Управниот Одбор на Јавната установа Национален парк Галичица, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65, став 6, од Законот за животната средина.

2. Листа на засегнати од спроведувањето на планскиот документ „План за управување со Национален Парк Галичица за период 2021-2030 година":

   - Министерство за животната средина и просторно планирање;
   - Министерство за транспорт и врски;
   - Министерство за култура;
   - Национална комисија за УНЕСКО;
   - Општините Охрид и Ресен;
   - Агенција за државни патишта;
   - Агенција за планирање на просторот;
   - ЕВН;
   - Македонски телекомуникации;
   - Комуналните претпријатија на општините Охрид и Ресен;
   - Министерство за локална самоуправа;
   - Граѓански здруженија;
   - Сите засегнати според ЕСПОО Конвенција.

3. За планскиот документ „План за управување со Национален Парк Галичица за период 2021-2030 година", за чија изработка е одговорна Јавната установа Национален парк Галичица, а го донесува Управниот Одбор на Јавната установа Национален парк Галичица, донесувањето на планскиот документ, ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти согласно Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина:

   - Главните цели на планскиот документ и врската со други релевантни плански документи;
   - Релевантни аспекти на моменталната состојба на животната средина и што би се случило доколку не дојде до негово донесување и спроведување;
   - Карактеристики на животната средина во областите кои можат да бидат значително засегнати;

- Други проблеми кои се релевантни за планскиот документ, вклучувајќи ги особено оние кои се поврзани со клучните вредности на Национален парк Галичица;
- Целите на заштитата на животната средина, одредени на национално и меѓународно ниво, кои се релевантни за планскиот документ и начинот на кој овие цели и сите аспекти на животната средина се земени во предвид;
- Веројатни значајни влијанија врз животната средина во целина, вклучително и врз компонентите на биолошката разновидност, локалното население, пејзажот и културното наследство и нивната меѓусебна поврзаност;
- Негативните ефекти и влијанија особено долгорочните и кумулативните;
- Мерките предвидени за заштита, намалување и неутрализација на сите значајни негативни влијанија врз животната средина;
- Преглед на алтернативини решенија; и
- Опис на предвидените мерки кои се однесуваат на мониторингот во согласност со законските обврски.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Национален парк Галичица (www.galicica.org.mk)

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Јавна установа Национален парк Галичица
Директор
Васко Паскали

Бр. 02-238/1
Охрид, 27.04.2020

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | План за управување со Национален парк Галичица (2021-2030) |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Јавна установа Национален парк Галичица<br>Адреса: Велестовски пат бб, 6000 Охрид<br>Тел/факс: 046/261-473<br>Веб страна: www.galicica.org.mk<br>ел.пошта: galicica@galicica.org.mk |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Управен одбор на Јавна установа Национален парк Галичица |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Константин Здравески |
| Назив на работното место | Соработник за алтернативни активности |
| Контакт податоци за лицето | E-mail:konstantin@galicica.org.mk<br>Тел:072/251-332 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Донесувањето на План за управување е обврска согласно член 73, од Законот за заштита на природата (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Нов плански документ | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да. Плански документи со кои се уредува управувањето со заштитените подрачја | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка: 17 | Алинеја: / |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Со планскиот документ се регулира управувањето со Национален парк Галичица. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Не | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Планот за управување со Национален парк Галичица ги пропишува мерките и активностите за заштита на природните вредности на паркот и го планира управувањето со него за период од 10 години. | | | |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) | | | |
| Управување со заштитено подрачје - национален парк. | | | |
| Периодот за донесување на планскиот документ. | | | |
| 2021-2030 | | | |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? | | | |
| Планот за управување се ревидира на 5 години согласно со Законот за заштита на природата (член 99, став 2) | | | |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) | | | |
| Планскиот документ целосно го опфаќа Националниот парк Галичица во границите определени со Законот за прогласување на дел од планината Галичица за национален парк. Картографските прикази се дадени во прилог. | | | |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. | | | |
| Да ☒ | | | |

| | |
|---|---|
| | Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? | |
| | Да ☒<br>Не ☐ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Планот за управување со Национален парк Галичица е во согласност со другите плански и стратешки документи донесени на национално и/или регионално ниво. Од нив тој ги превзема обврските и насоките кои тие ги даваат и со тоа тој придонесува во нивното спроведување и постигнување на поставените цели. Секако, Планот за управување со НПГ е фокусиран на заштитата на клучните вредности на паркот поради кои Галичица е прогласена за национален парк. Ваквата поставеност на планот има влијание на другите плански документи со кои се регулира управувањето или користењето на делови од подрачејо на паркот или регионот. Поради ограничувањата кои Планот за управување со НПГ ги наметнува во делот на намената на земјиштето и особено за користењето на природните ресурси од суштинско значење се активностите кои се предвидени како подршка на локалните заедници, жители и бизниси. Со ваквиот пристап Планот за управување со НПГ ги неутрализира негативните влијанија кои произлегуваат од ограничувањата кои ги наметнува на горенаведените субјекти. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Веројатноста од појава на негативни влијанија од спроведувањето на Планот за управување е мала/незначителна. Сепак, законската обврска за ревизија на планскиот документ ќе овозможи отстранување на евентуално појавените негативни влијанија. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Кумулативното влијание што се очекува да настане како резултат на спроведувањето на Планот за управување со НПГ е оценето како позитивно за локалното население и локалната економија. Од друга страна пак, кумулативното влијание врз животната средина кое ќе произлезе од имплементацијата на Планот се очекува да следи стабилен тренд, т.е. да има намалување на негативното влијание од посетителите врз вредностите на паркот. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Планскиот документ нема негативно прекугранично влијание бидејќи спроведувањето на предвидените активности е во насока на заштита на клучните вредности на паркот кои во голем дел се присутни на делот од масивот кој се протега и во Република Албанија. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Постапувањето во случај на несреќи Планот за управување го определува во согласност со стратегиите и документите на различните органи и тела на |

| | |
|---|---|
| | државата. Соработката со нив и процедурите на постапување се детално разработени во Планот. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Планот за управување со НПГ се однесува на целата територија која е прогласена за национален парк односно 24 151,4 хектари. Националниот Парк Галичица потпаѓа под 2 општини – Охрид и Ресен. Во границите на Паркот се лоцирани 17 населени места, од кои 14 во општина Охрид и 3 во општина Ресен. Вкупното население во Паркот во 2015 година изнесувало 5 281 жители, од кои 91% (4 828) живеат во општината Охрид, која зафаќа 62% од територијата на Паркот. Бројот на жители во населените места на Паркот во општината Ресен изнесува 453. Во населените места кои се лоцирани во непосредна близина на Паркот – градот Охрид, Велгошти и Шурленци – бројот на жители изнесува 42 032. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Планот за управување се очекува да има позитивно влијание на руралниот развој, развој на туризам, услужни дејности и локалната економија во целост. Ваквото влијание ќе овозможи намалување на миграција на населението со кое се соочува регионот во последните неколку години. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>ЈУНПГ во 2019 година, изработи студија за екосистемските услуги кои се овозможени од паркот. Студијата покрај определувањето на екосистемските услуги на НПГ, врши и вреднување на дел од екосистемските услуги. Вреднувањето е направено на: (1) дрвните производи, (2) другите шумски производи, (3) водата, (4) комерцијалната пловидба, (5) заштитата од ерозија, (6) секвестрација на $CO_2$ и (7) туризмот и рекреацијата. Согласно оваа студија годишната економска вредност на екосистемските услуги на НПГ е 40,8 милиони евра или 1.675 евра/хектар.Треба да се има предвид дека клучен атрибут што ја создава оваа монетарна вредност е бројот на посетители во паркот, особено странските. Поради тоа Планот за управување со НПГ посветува особено внимание на туризмот и рекреацијата особено од аспект на заканите (притисоците) што може негативно да влијаат врз вредностите на Паркот. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | 2/3 од територијата на НПГ е во границите на Природно и културно наследство на Охридскиот регион впишано на листата на УНСКО. Националниот парк Галичица се граничи со спомениците на природа Охридско и Преспанско Езеро, дел е од Прекуграничен биосферен резерват Охрид - Преспа, се граничи со Национален парк Преспа во Р Албанија и со Заштитен предел Поградец, Р Албанија, како и со Национален парк Преспа во Р Грција. Во НПГ присутно е значајно културно наследство (Манастирски комплекс Свети |

| | |
|---|---|
| | Архангел Михаил – Свети Наум; црквата Св. Богородица Захумска – Заум, Ранохристијанска базилика – Студенчишта, повеќе пештерни цркви и.т.н) |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Спроведувањето на Планот за управување ќе придонесе за подобрување на стандардите за квалитет на животната средина. Имајќи го предвид неуспешниот обид за измена на Планот за управување со НПГ за периодот 2011-2020 година, за да се овозможи реализација на големи развојни проекти во границите на паркот, не се очекува во текот на спроведувањето на овој План за управување да се предложат и спроведат слични проекти кои би можеле да предизвикаат надминување на граничните вредности. За ваквата претпоставка секако значајна улога има и Планот за управување со природното и културното наследство во Охридскиот регион (2018-2027) |
| Интензивна употреба на земјиштето | Со Планот за управување со НПГ не е предвидена промена на употребата на земјиштето воспоставена со досегашните плански документи. Треба да се има предвид дека површините на зоните остануваат исти како и до сега. Иако во зоната за одржливо користење дозволено е одржливо користење на шумите како природен ресурс, ЈУНПГ ќе продолжи со започнатата трансформација односно, обезбедување на средства за финансирање на управувањето преку индирекно користење на ресурсите главно од туризам и рекреација. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Меѓународниот координативен совет на Програмата човек и биосфера на УНЕСКО, на својата 26-та седница (10-13 јуни, 2014 година, Јонкопинг), го одобри предлогот за номинација на Прекуграничниот биосферен резерват Охрид-Преспа во кој НПГ е целосно опфатен.<br>Планот за управување со НПГ, е подготвен во согласност со Законот за заштита на природата и неговите одредби за заштита на различните категории на заштитени подрачја, Законот за управување со светското културно наследство во Охридскиот регион и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО, на тој начин, што врз основа на режимите на заштита, се организирани активностите за разработка на планската документација и изградба на градби, кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштита. |

| |
|---|
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Планот за управување со НПГ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности со помош на воспоставениот режим на заштита и управување во различните зони. Попрецизно, дозволените и забранетите активности во секоја од зоните дадени се во посебна табела. |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Нема такви интенции |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Сите предложени мерки и активности во Планот за управување со НПГ се во насока на заштита на природата, клучните вредности на паркот и животната средина во целост. Значаен дел од активностите се поврзани со мониторинг и зачувување на биолошката разновидност, одржлив развој на туризмот и еколошка едукација. Поради тоа Планот за управување ќе има директен и значителен придонес во заштитата на животната средина и одржливиот развој. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Бидејќи диреконото користење на шумите како природен ресурс со Планот за управување со НПГ се ограничува само на задоволување на потребите од огревно дрво на луѓе од ранливите категории кои се жители во границите на паркот, единствен еколошки проблем кој може да го очекуваме е негативно влијание од зголемениот број на посетители во некои делови од националниот парк. Поради тоа Планот за управување со НПГ предвидува неколку активности со кои ќе се врши континуиран мониторинг на туристичките активности во паркот. Покрај тоа предвидено е определување на капацитет на издржливост на најпосетуваните делови од НПГ. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Планот за управување со НПГ е во согласност со Просторниот план на РМ и Просторниот план за Охридско - Преспанскиот регион. Режимот на заштита и управување со паркот направен е во согласност со Законот за заштита на природата. Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион во целост го превзема зонирањето на паркот и режимот определен за секоја од зоните. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна |

| | |
|---|---|
| фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>За жал, Просторниот план на РМ и Просторниот план за Охридско - Преспанскиот регион не биле предмет на стратегиска оцена. Планот за управување со природното и културното наследство на Охридскиот регион беше предмет на стратегиска оцена. | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Сите потенцијални влијанија оценети во фазата на спроведување на СОЖС задолжително се земаат предвид при изготвување на ОВЖС. Од оцената на степенот на влијанието ќе зависат и предложените мерки зашатита во СОЖС и нивно спроведување во ОВЖС. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Јавна установа Национален парк Галичица<br>Директор<br>Васко Паскали |
| Датум 24.04.2020 год.<br>Место Охрид | М.П. |



Охрид
N
НАЦИОНАЛЕН ПАРК
ГАЛИЧИЦА
ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ
(2021 - 2030)
ГРАНИЦИ НА ПАРКОТ
4554000
4548000
4542000
4536000
4530000
4524000
Охридско Езеро
Преспанско Езеро
Албанија
Државна граница
Граница на НП Галичица
Земјен пат
Асфалтен пат
Граница на Прекуграничен Парк Преспа
Меѓуопштинска граница
Граница на Светското наследство на Охридскиот Регион (УНЕСКО)
Р = 1 : 150.000
480000
486000
492000
498000
0
5
10
15
20
25 km

*Табела 8: Основни и посебни цели на управувањето со НПГ 2021-2030 година*

| Основна Цел | Под-програма | Посебна Цел |
|---|---|---|
| Зачуваната разновидност на видовите и живеалиштате, како и стабилените еколошки процеси, обезбедуваат уникатна убавина на природниот пејзаж, а со тоа и зачувување на универзалната вредност на Парк, за сегашните и идните генерации. | Мониторинг на биолошката разновидност на видови | Разновидноста на видовите е во зачувана природна состојба со стабилни популации од значајните видови.. |
| | Мониторинг на биолошката разновидност на живеалишта | Разновидноста на живеалиштата е во зачувана природна состојба со стабилни популации од значајните заедници.. |
| | Спроведување активности за заштита и конзервација на видови и живеалишта | Спроведени се соодветни активности за заштита на значајни видови и живеалишта |
| | Методологија за мониторинг на состојбата на живеалиштата и видовите. | Развиена е и аплицирана соодветна методологија за мониторинг на видови и живеалишта која е меѓународно прифатена. |
| | Мониторинг и заштита на геолошкиот диверзитет на НПГ | Развиена е и аплицирана методологија за мониторинг на геолошкиот диверзитет. |
| Природните ресурси во НПГ се користат одржливо. Нивното користење обезбедува приходи за локалните заедници и стабилно финансирање на ЈУНПГ. | Одржливо користење на шумите во НПГ согласно Посебните планови за одгледување и заштита на шумите | Користењето на шумите во Паркот е контролирано и одржливо. |
| | Оценка на состојбата на популациите на дивите видови кои се собираат за комерцијални цели | ЈУНПГ поседува информации за состојбата на популациите на дивите видови кои се собираат за комерцијални цели. |
| | Поддршка на плантажно одгледување на Охридски чај (*Sideritis raeseri*). | Притисокот врз дивите видови кои се собираат за комерцијални цели е намален, а локалниот развој поддржан и подобрен. |
| Управување со шумските живеалишта и екосистеми во согласност со директивата за живеалишта | Мапирање на шумите согласно Директивата за живеалишта | ЈУНПГ располага со информации за живеалиштата согласно ЕУ Директивите во соодветен формат. |
| | Користење на дел од шумите во зоната за одржливо користење за задоволување на потребите од огревно дрво за ранливите категории од локалното население | ЈУНПГ е социјално одговорна установа која ги помага ранливите групи преку строго утврден начин на управување со шумите. |

| | | |
|---|---|---|
| | Поттикнување на научно истражување | ЈУНПГ активно учествува во креирањето и спроведувањето на научно истражување во согласност со целите на управувањето. |
| Посетата не ги загрозува природните и културни вредности на Паркот, нудејќи им на посетителите непречено и сеопфатно искуство, со што истото се претставува на најдобар можен начин, истовремено обезбедувајќи ги приходите потребни за негово зачувување, градење јавна поддршка за зачувување на природата и отворање можности за одржлив развој на локалната заедница. | Социо-економско и пазарно истражување и маркетинг | Паркот е одржлива дестинација модел за други заштитени подрачја и туристички дестинации во регионот, каде зачуваната природа, културното наследство и локалното население се испреплетени на одржлив начин. |
| | Развој и имплементација на систем за мониторинг на посетителите | Различни програми за посета подобрени со понудата на локалното население овозможувава безбедна посета и презентација на зачуваните вредности на паркот. |
| | Изградба и одржување на инфраструктура | Соодветната и современата туристичка инфраструктура е континуирано одржувана и надградувана. |
| | Подобрена туристичка понуда и активности за алтернативен туризам | Престојот на посетителите е поддржан со соодветни, интересни и современи активности и понуда. |
| Управувањето ја поттикнува соработката на ЈУНПГ со локалните заедници, да изгради меѓусебен однос полн со доверба, кој ќе придонесе за јакнење и унапредување на одржливиот локален развој. | Придонес на НПГ во локалниот развој | ЈУНПГ обезбедува информации и податоци за придонесот на Паркот во развојот на одржливиот туризам. |
| | Продолжен и збогатен престој на посетителите | ЈУНПГ придонесува за продолжен и збогатен престој на посетителите во локалните заедници во Паркот, во насока на одржлив развој на туризмот. |
| | Активно учество на локалните заедници во управувањето со НПГ | Локалните заедници земаат активно учество во планирањето на развојот и управувањето со туризмот во Паркот. |
| Функционалната инфраструктура, развиената комуникациска стратегија за редовно информирање на целните групи, различните информативни содржини и знаењето за биодиверзитетот и другите значајни природни карактеристики, обезбедува едукациска платформа за остварување позитивни искуства со природата, како и емотивна и научна основа потребна за одговорно однесување за заштита на природата. | Одржување и надградба на постојната инфраструктура за еколошка едукација | Постојната инфраструктура за информирање и еколошка едукација на посетителите е континуирано одржувана и надградувана. |
| | Воспоставување на систем за информирање на јавноста | Пошироката јавност е редовно информирана за активностите на ЈУНПГ во полето на заштита на природата. |
| | Подготовка и дистрибуција на информативен и едукативен материјал | Промотивен материјал со едукативен и информативен карактер е редовно подготвен и дистрибуиран. |
| | Подигнување на јавната свест за заштита на природата | Активностите на ЈУНПГ придонесуваат за подигнување на јавната свест за потребата од зачувување на природата. |

| | | |
|---|---|---|
| ЈУНПГ ги има сите ресурси за управување, а ги користи за континуирано подобрување на сите сегменти на управување и организациската култура, истовремено градејќи соработка со засегнатите страни. | Обезбедување правна и планирачка рамка потребна за управувањето | Внатрешните регулативи на јавната установа се усогласени со законските обврски. |
| | Развој на институционалните и човечките ресурси и компетенции | Институционални и индивидуални капацитети потребни за ефикасно и ефикасно управување со паркот и за афирмирање на јавната установа се обезбедени преку континуирано подобрување, управување со знаењата и развој на организациска култура. |
| | Инфраструктура | Соодветна транспортна и комунална инфраструктура без негативно влијание врз вредностите на Паркот е обезбедена преку соработка со засегнатите страни. |
| | Финансирање | Основната дејност на ЈУНПГ се финансира од јавни приходи, додека развојот на Паркот се финансира од јавни приходи или од приходи што ги остварува установата, донации и проекти. |